Врз основа на член 15-а став (4) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр.04/2002, 49/2003, 13/2006, 88/2008, 35/2011 и 51/2011), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за формата и содржината на образецот на извештаите за склучени договори за лизинг, за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата и начинот на нивно доставување**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на извештајот за склучени договори за лизинг, формата и содржината на образецот на извештајот за финансиските активности и формата и содржината на образецот на извештајот за состојбата и изворите на средствата, како и начинот на нивно доставување.

## Член 2

Извештајот за склучени договори за лизинг се поднесува на образец во А-4 формат на бела хартија.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Извештајот за финансиски активности се поднесува на образец во А-4 формат на бела хартија.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник

## Член 4

Извештајот за состојбата и изворите на средствата се поднесува на образец во А-4 формат на бела хартија.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник

## Член 5

Извештаите од членовите 2, 3 и 4 на овој правилник се доставуваат во печатена и електронска форма.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 12- 18249/4
14 јуни 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески